РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Примено: 18.11.2019
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 01 | 1035/2 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**До: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**Архивски број:12/6-4370/2**
**Датум:** 15.11.19

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19), Министерството за информатичко општество и администрација дава

СОГЛАСНОСТ
На

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар, со архивски број 01-1035/1 од 14.11.2019 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Демир Хисар, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава писмена согласност на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар, со архивски број 01-1035/1 од 14.11.2019 година.

Со почит,
Државен советник,
Dr. Jahi Jahija

*Изготвил: м-р Медина Хоџа*


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) а согласно со член 71 точка 12 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

# ПРАВИЛНИК

## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-53/1 од 29.01.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-364/2 од 11.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-364/4 од 23.04.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места општинската администрација во Општина Демир Хисар архивски број 01-337/3 од 09.05.2019 година.

### Член 1

Во член 10 став 1 алинеја 3 "без работно искуство" се менува и гласи: "со или без работно искуство".

### Член 2

Член 11 се менува и гласи:

(1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување утврдени со Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следниве Посебни услови утврдени со Закон за инспекциски надзор за раководните инспектори од категорија Б и тоа:

Стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

Работно искуство за ниво Б4-најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциска служба, од кои најмалку една година на работното место од нивото В1,

Општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции,

Посебни работни компетенции за сите нивоа:

-да поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 3

Член 12 се менува и гласи:

(1) Кандидатот за инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување утврдени со Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следниве Посебни услови утврдени со Закон за инспекциски надзор и тоа:

Стручни квалификации за сите нивоа од категорија В-најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

Работно искуство и тоа за ниво В4: со или без работно искуство,

Општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции,

Посебни работни компетенции за сите нивоа:

-да поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето а ќе се применува по добиената писмена Согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-1035/1

14.11.2019

Општина Демир Хисар

Градоначалник

Марјанче Стојановски